# КОЛКАВО Е НИВОТО НА ПРОАКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ

## кај јавните институции во РСМ во 2021 година

**72% ОД МОНИТОРИРАНИТЕ ИНСТИТУЦИИ БЕЛЕЖАТ ЗГОЛЕМУВАЊЕ ВО БРОЈОТ НА ОБЈАВЕНИ ИНФОРМАЦИИ И ДОКУМЕНТИ НА СВОИТЕ ИНТЕРНЕТ СТРАНИЦИ, ВО 2021 НАСПРЕМА 2014 ГОДИНА**

**1.**

Потребно е сите институции кои објавуваат мал број на информации и документи на своите интернет страници или пак не објавуваат воопшто, да преземат итни чекори за отворање на своето буџетско и програмско работење за јавноста. Ова е особено важно, бидејќи во оваа категорија влегуваат 17 институции кои според функциите имаат големо влијание врз животот на граѓаните (Влада на РСМ; Министерство за образование и наука; Министерство за култура; Министерство за транспорт и врски; Министерство за надворешни работи; Министерство за правда; Фонд за здравствено осигурување; Локалните самоуправи Струмица, Виница, Тетово и Шуто Оризари и ИЈЗ, ЦЈС Скопје и ЗД Скопје.)

**2.**

Институциите кои бележат значителен напредок во 2021 година како Министерството за финансии; Локалната самоуправа Делчево; Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер; Министерството за труд и социјална политика; и Локалната самоуправа Кочани, да преземат чекори за осигурување на континуитет во постигнатото ниво на транспарентност, како и да ги објават и оние информации и документи кои ќе придонесат кон постигнување на 100% отвореност за јавноста. Дополнително, важно е Владата на РСМ да ги користи капацитетите на овие институции со цел да им помогне на останатите во унапредување на нивото на проактивност во своето работење.

3.
Листата на задолжителни документи кои треба да ги објавуваат институциите на национално ниво да се укине и да се донесе обврска за сите институции да ги објават сите податоци со кои располагаат пред јавноста, особено оние кои се однесуваат на буџетското работење. Воедно да воспостават механизам на континуиран надзор врз јавните институции и следење на обемот и видот на информации кои ги споделуваат.

4.
Неопходно потребно е преземање на активности од страна на Министерот за транспарентност и отчетност и Министерот на информатичко општество и администрација во насока на проценка на унапреденото ниво на транспарентност преку усвоената Листа на задолжителни 21 документ.

## I. ВОВЕД

**ПРОАКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ** претставува објавување/пристапност на документи и информации за работењето на јавните институции, без истите да бидат побарани од страна на граѓаните. Проактивното објавување на документите кои во себе содржат податоци за работењето на јавните институции, со фокус на информации за нивното финансиско работење, претставува основа која им овозможува на граѓаните информирано да се вклучат во процесите на донесување на одлуки, самостојно да бараат промени, или пак да ги повикаат политичките избраници на одговорност.

**ЦЕЛТА НА АНАЛИЗАТА** е да се даде приказ на нивото на проактивна транспарентност на дел од јавните институции, како и да се идентификуваат промените во оваа област настанати низ годините. Оваа анализа, дополнително има за цел да им послужи на опфатените институции насоки за постигнување на повисоко ниво на проактивност, преку објавување на клучните буџетски и програмски документи и информации за своето работење. Оваа анализа, нема за цел да го толкува квалитетот на објавените документи или пак информации, едноставно само дава приказ на достапноста на истите во моментот кога е спроведен мониторингот.

**ПРЕДМЕТ НА ОВАА АНАЛИЗА** е проактивното објавување на 16 клучни документи за програмското и буџетското работење на дваесет и пет јавните институции: стратегија за работа, годишни програми, буџетски календар, пред-буџетска изјава, граѓански буџет, предлог буџет и усвоен буџет, предлог измените и усвоените измени и дополнувања на буџетот, буџетски документи во отворен формат (xml и excel), месечни извештаи за извршување на буџет, полугодишен извештај за извршување на буџет, завршната сметка на буџетот, ревизорскиот извештај, податоци за лицето назначено за посредување за информации од јавен карактер и листата на информации од јавен карактер.

Иматели на јавни информации се сите органи на државната власт и други органи и организации утврдени со закон, органите на општините, Градот Скопје и општините во градот, установите и јавните служби, јавните претпријатија, и сите правни и физички лица што вршат јавни овластувања, утврдени со закон. Со цел да се претстави нивото на транспарентност и отчетноста оваа анализа прави паралела на оцената на нивото на реактивната транспарентност кај овие институции од 2014 до 2021 година.

Резултатите прикажани во оваа анализа се базираат на оценките добиени во текот на спроведувањето на четири следења, по едно по завршувањето на секој квартал. Оттука, објавувањето на следените документи се бодува со еден поен а пак необјавувањето со нула поени. Сумарната оценка на нивото на проактивност е утврдена како просек од бодовите добиени за секој од следените документи или пак информации. Највисокиот број на бодови изнесува 16, а пак врз основа на добиените бодови секоја институција се оценува како проактивно транспарентна (зелена боја), делумно проактивно транспарентна (жолта боја) и проактивно нетранспарентна (црвена боја).

### *ЛЕГЕНДА НА ПРОАКТИВНОСТ:*

| | |
|---|---|
|  | ***ИНСТИТУЦИЈА ШТО ПРОАКТИВНО НЕ ОБЈАВУВА ИНФОРМАЦИИ***<br>институцијата што има освоено под 6 поени, или што објавила помалку од 40% од мониторираните документи. |
|  | ***ИНСТИТУЦИЈА ШТО ПРОАКТИВНО ОБЈАВУВА ДЕЛ ОД ИНФОРМАЦИИТЕ***<br>институцијата што има освоено меѓу 7 и 12 поени или има објавено од 41-75% од мониторираните документи. |
|  | ***ИНСТИТУЦИЈА ШТО ПРОАКТИВНО ОБЈАВУВА НАЈГОЛЕМ БРОЈ ИНФОРМАЦИИ***<br>институцијата што има освоено помеѓу 12 и 16 поени или има објавено над 75% или скоро сите мониторирани документи. |

## II. НАОДИ НА ИНСТИТУЦИИ, ВО 2021 ВО ОДНОС НА 2014 ГОДИНА

Се бележи зголемување на бројот на информации и документи кои тие ги објавуваат на своите интернет страници. Значителен напредок, се бележи кај Министерството за финансии (од 44% од следените документи и информации во 2014, на 87% во 2021 година); Локалната самоуправа Делчево (од 31% од следените документи и информации во 2014, на 66% во 2021 година); Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер (од 25% од следените документи и информации во 2015, на 60% во 2021 година); Министерството за труд и социјална политика (од 25% од следените документи и информации во 2014, на 60% во 2021 година); и Локалната самоуправа Кочани (од 19% од следените документи и информации во 2014, на 60% во 2021 година). Напредок кој во 2021 година се забележува кај повеќето од институциите, не го следат 18% (n=25) од мониторираните институции, каде состојбата во 2021 година е идентична со 2014 или пак уназадена. Локалната самоуправа Битола, од 2017 година до 2021 година (од 50% од следените документи и информации во 2017, на 46% во 2021 година); Фондот за здравствено осигурување (од 44% на 18%); и Локалната самоуправа Тетово (од 25% на

13%), бележат континуирано намалување на информации и документи  кои оваа општина ги објавува пред граѓаните. Кај две институции нема промени во обемот на објавени информации и документи, и тоа кај Институтот за јавно здравје и Локалната самоуправа Шуто Оризари (6% и во двата периоди). А пак, кај здравствениот дом Скопје од објавување на некои информации и документи во 2017 година во 2021 година не се објавува ниту една информација или пак документ.

**Во 2021 година, како и во 2020 година, Министерството за финансии е единствена проактивно транспарентна институција**. Оваа институција, од проактивно нетранспарентна во 2014 година, за шест години континуирано го зголемува бројот на достапни информации и документи за јавноста, како и изнаоѓа иновативни начини за нивно презентирање и премина во проактивно транспарентна институција.

**Во 2021 година, се бележи зголемување и во бројот на делумно проактивно транспарентни институции во однос на претходните години, од пет на седум.** Како и да е, важно е да се напомене дека Министерството за информатичко општество и администрација и МВР се единствените кои во 2021 година ја задржале својата оценка во однос на претходната. Министерствата за образование и наука и култура  и Владата на РСМ од делумно проактивно транспарентни во 2020 година, станале проактивно нетранспарентни. Како и да е, радува фактот што четири локални самоуправи во 2021 година од непроактивно транспарентни преминале во делумно проактивно транспарентни (ЕЛС Битола, Делчево, Пехчево, и Кочани). Напредок од нетранспарентни во делумно транспарентни се бележи и кај Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер и Министерството за труд и социјална политика.

**Останатите девет институции** (36%), во кои влегуваат значајни министерства и големи локални самоуправи, во 2021 година **не објавуваат воопшто или пак објавуваат само мал број на документи и информации пред јавноста**.




***Графикон 1.*** *Промени во бројот на објавени документи и информации кај 25те мониторирани јавни институции во периодот од 2014 до 2020 година*

***Табела 1.*** *Сумарна оцена на проактивната транспарентност на мониторираните јавни институции*

| **Назив на институција** | **Интернет страница** | **Година** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** | **2018** | **2019** | **2020** | **2021** |
| **Министерство за финансии** | **http://www.finance.gov.mk/** | 43,75 | ↑ 56,25 | ↑ 62,5 | ↑ 75 | = 75 | ↓ 68,75 | ↑ 80 | ↑ 86,6 |
| **Локална самоуправа Делчево** | **http://www.delcevo.gov.mk/** | 31,25 | ↓ 6,25 | ↑ 12,5 | = 12,5 | ↑ 18,75 | ↑ 37,5 | ↑ 40 | ↑ 66 |
| **Агенција за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер** | **https://aspi.mk/** | / | 25 | ↓ 18,75 | ↑ 43,75 | ↓ 37,5 | ↓ 31,25 | ↑ 40 | ↑ 60 |
| **Министерство за труд и социјална политика** | **http://www.mtsp.gov.mk/** | 25 | =25 | =25 | ↑ 37,5 | = 37,5 | = 37,5 | ↓ 26,66 | ↑ 60 |
| **Локална самоуправа Кочани** | **https://kocani.gov.mk/** | 18,75 | =18,75 | ↑ 25 | ↑ 31,25 | ↓ 18,75 | ↑ 25 | ↑ 26,66 | ↑ 60 |
| **Министерство за информатичко општество и администрација** | **http://www.mio.gov.mk/** | / | / | 18,75 | ↑ 43,75 | ↓ 31,25 | ↑ 37,5 | ↑ 60 | ↓ 53 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Локална самоуправа Пехчево** | **http://pehcevo.gov.mk/** | 6,25 | ↑ 18,75 | = 18,75 | ↑ 25 | = 25 | ↑ 31,25 | ↓ 26,66 | ↑ 53 |
| **Локална самоуправа Битола** | **http://www.bitola.gov.mk/** | / | / | / | 50 | ↓ 43,75 | ↓ 37,5 | ↓ 26,66 | ↑ 46 |
| **Министерство за внатрешни работи** | **http://moi.gov.mk/** | 18,75 | ↓ 12,5 | = 12,5 | ↑ 25 | ↑ 31,25 | ↓ 25 | ↑ 46,66 | ↓ 43 |
| **Влада на РМ** | **http://vlada.mk/** | 12,5 | = 12,5 | = 12,5 | ↑ 37,5 | = 37,5 | ↑ 50 | ↓ 46,66 | ↓ 40 |
| **Министерство за здравство** | **http://zdravstvo.gov.mk/** | 6,25 | ↓ 0 | = 0 | ↑ 18,75 | ↑ 37,5 | = 37,5 | ↑ 40 | = 40 |
| **Министерство за образование и наука** | **http://mon.gov.mk/** | 0 | ↑ 6,25 | = 6,25 | ↑ 43,75 | = 43,75 | ↓ 31,25 | ↑ 50 | ↓ 33 |
| **Министерство за култура** | **http://www.kultura.gov.mk/** | 12,5 | = 12,5 | ↓ 6,25 | = 6,25 | ↑ 37,5 | ↓ 18,75 | ↑ 46,66 | ↓ 26 |
| **Министерство за транспорт и врски** | **http://www.mtc.gov.mk/** | / | / | 0 | ↑ 18,75 | ↓ 12,5 | ↑ 18,75 | ↑ 26,66 | ↓ 26 |
| **Локална самоуправа Струмица** | **http://www.strumica.gov.mk/** | / | / | / | 43,75 | ↓ 37,5 | ↓ 31,25 | ↓ 20 | ↑ 26 |
| **Министерство за надворешни работи** | **http://www.mfa.gov.mk/index.php/mk/** | 0 | ↑ 6,25 | = 6,25 | ↑ 31,25 | ↓ 18,75 | = 18,75 | ↑ 26,66 | ↓ 26 |
| **Министерство за правда** | **http://www.pravda.gov.mk/** | / | 18,75 | = 18,25 | ↓ 25 | = 25 | ↓ 18,75 | ↑ 27,5 | ↓ 25 |
| **Локална самоуправа Виница** | **http://www.opstinavinica.gov.mk/** | 6,25 | = 6,25 | ↓ 0 | ↑ 12,5 | ↑ 31,25 | = 31,25 | ↓ 20 | = 20 |
| **Центар за јавно здравје Скопје** | **http://www.cph.mk/** | 6,25 | ↓ 12,5 | = 12,5 | ↑ 18,75 | = 18,75 | = 18,75 | ↓ 13,33 | ↑ 20 |
| **Фонд за здравствено осигурување** | **http://www.fzo.org.mk/** | 43,75 | = 43,75 | ↓ 25 | = 25 | ↑ 31,25 | ↓ 18,75 | = 18,75 | ↓ 18 |
| **Локална самоуправа Тетово** | **http://www.tetova.gov.mk/** | / | / | / | 25 | ↓ 18,75 | = 18,75 | ↓ 13,33 | ↓ 13 |
| **Центар за јавно здравје Кочани** | **http://cjzkocani.org.mk/** | 0 | = 0 | = 0 | = 0 | ↑ 6,25 | ↓ 0 | = 0 | ↓ 13 |
| **Институт за јавно здравје** | **http://www.iph.mk/** | 0 | = 0 | ↑ 6,25 | ↑ 12,5 | = 12,5 | = 12,5 | ↓ 6,66 | ↓ 6 |
| **Локална самоуправа Шуто Оризари** | **http://www.sutoorizari.gov.mk/** | 6,25 | ↓ 0 | ↑ 6,25 | ↓ 0 | ↑ 12,5 | = 12,5 | ↓ 0 | ↑ 6.66 |
| **Здравствен дом Скопје** | **http://www.zds.com.mk/** | 0 | = 0 | = 0 | ↑ 6,25 | = 6,25 | = 6,25 | ↓ 0 | Веб страницата не е достапна |

**И покрај напредокот во нивото на проактивност кај следените јавни институции, сепак голем број на институции и во 2021 година не објавуваат буџетски календар** (објавиле само две од 25 институции), **пред-буџетска изјава** (ниту една институција), **граѓански буџет** (три од 25 институции); **периодични извештаи за извршување на буџетот и предлог распределба на буџетските средства** (предлог буџет или пак предлог измени и дополнувања).

Како и да, **речиси сите** (22 од 25 институции) **имаат објавено податоци за контакт лицето кое е одговорно за посредување во постапки за пристап до информации од јавен карактер, и листа на информации од јавен карактер.**

Голем е и бројот на институции кои во 2021 година објавиле завршна сметка (17 од 25 институции),што во периодот од 2014 до 2016 година не беше случај (три од 25 инструкции). Исто така напредок се забележува и во објавувањето на усвоениот буџет (од пет во периодот од 2014 до 2016 година на 10 во 2021 година), стратешки план и годишна програма за работа).

**Во 2021 година, предмет на ревизија биле три од следените институции, но ниту една од нив нема објавено извештај со наоди од спроведена ревизија (Министерствата за правда и внатрешни работи и ФЗОМ).** Праксата на необјавување на ревизорски извештаи во изминатите осум години воопшто не е променета. Односно, ниту една институција не објавува извештаи од спроведени ревизии, ниту пак извештаи за постапување по однос на наодите од државниот ревизор.

Локалните самоуправи Делчево и Битола се истакнуваат како единствени од дваесет и пет мониторирани институции кои го имаат објавено буџетски календар со кој се информира јавноста за временските периоди и етапите во спроведувањето на буџетските процес во овие две општини, што пак и дава можност на јавноста да го следи буџетскиот процес, побара информации или пак да се вклучи во некоја од фазите на истиот.

**Табела 2. Преглед на објавување на поединечните документи и информации**

| Вид на документ | | Број на мониторирани институции | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Објавувано 2014 | Објавувано 2015 | Објавувано 2016 | Објавувано 2017 | Објавувано 2018 | Објавувано 2019 | Објавувано 2020 | Објавувано 2021 |
| Буџетски документи | Буџетски календар | 1 | 0 | 0 | 2 | 2 | 0 | 0 | 2 |
| | Пред-буџетска изјава | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 8 | 0 | 0 |
| | Предлог буџет | 0 | 1 | 1 | 2 | 1 | 8 | 9 | 5 |
| | Граѓански буџет/Поедностaвена верзија на буџетот | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 8 | 8 | 3 |
| | Усвоен буџет | 4 | 5 | 5 | 16 | 17 | 8 | 8 | 10 |
| | Објавен усвоен буџет во отворен формат (xml) | 0 | 1 | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 |
| | Предложени измени и дополнувања | 0 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| | Усвоени Измени и дополнувања на буџетот | 2 | 1 | 1 | 10 | 8 | 1 | 1 | 10 |
| | Месечни извештаи за извршување на буџетот | 1 | 2 | 0 | 1 | 2 | 5 | 5 | 7 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Полугодишен извештај за извршување на буџетот** | 1 | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 8 |
| | **Завршна сметка** | 5 | 4 | 2 | 17 | 18 | 18 | 13 | 17 |
| | **Ревизорски извештај** | 2 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Програмски документи** | **Стратешки план** | 7 | 7 | 7 | 12 | 12 | 11 | 13 | 12 |
| | **Годишни програми за работа** | 5 | 6 | 5 | 4 | 5 | 5 | 9 | 12 |
| | **Контакт лице за информации од јавен карактер** | 5 | 9 | 12 | 17 | 20 | 20 | 21 | 22 |
| | **Листа на информации од јавен карактер** | 5 | 8 | 10 | 18 | 21 | 21 | 22 | 22 |

## Анекс 1. Оцена на степенот на проактивна транспарентност на институциите според објавување на поединечни документи за 2021 година

| Назив на институција | 1. Буџетски календар | 2. Стратешки план | 3.Пред-буџетска изјава | 4. Предлог буџет | 5. Граѓански буџет/Поедноставена верзија на буџетот | 6. Усвоен буџет | 7. Објавен усвоен буџет во отворен формат (xml) | 8. Предложени измени и дополнувања | 9. Усвоени Измени и дополнувања на буџетот | 10. Годишни програми за работа | 11. Месечни извештаи за извршување на буџетот | 12. Полугодишен извештај за извршување на буџетот | 13. Завршна сметка | 14. Ревизорски извештај | 15. Контакт лице за информации од јавен карактер | 16. Листа на информации од јавен карактер |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1. Министерство за здравство** http://zdravstvo.gov.mk/ | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) | N/A | ★ (green) | ★ (green) |
| **2. Фонд за здравствено осигурување** http://www.fzo.org.mk/ | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (green) |
| **3. Институт за јавно здравје** http://www.iph.mk/ | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | N/A | ★ (red) | ★ (green) |
| **4. Здравствен дом Скопје** http://www.zds.com.mk/ | ☆ | ☆ | ☆ | ☆ | ☆ | ☆ | ☆ | ☆ | ☆ | ☆ | ☆ | ☆ | ☆ | N/A | ☆ | ☆ |
| **5. Центар за јавно здравје Скопје** http://www.cph.mk/ | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) | N/A | ★ (green) | ★ (green) |
| **6. Министерство за финансии** http://www.finance.gov.mk/ | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | N/A | ★ (green) | ★ (green) |

| | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **7. Министерство за труд и социјална политика** http://www.mtsp.gov.mk/ | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | N/A | ★ (green) | ★ (green) |
| **8. Центар за јавно здравје Кочани** http://cjzkocani.org.mk/ | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) | N/A | ★ (red) | ★ (red) |
| **9. Влада на РМ** http://vlada.mk/ | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) | N/A | ★ (green) | ★ (green) |
| **10. Локална самоуправа Делчево** http://www.delcevo.gov.mk/ | ★ (green) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (red) | N/A | ★ (green) | ★ (green) |
| **11. Локална самоуправа Шуто Оризари** http://www.sutoorizari.gov.mk/ | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | N/A | ★ (green) | ★ (red) |
| **12. Локална самоуправа Виница** http://www.opstinavinica.gov.mk/ | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | N/A | ★ (green) | ★ (green) |
| **13. Локална самоуправа Пехчево** http://pehcevo.gov.mk/ | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | N/A | ★ (green) | ★ (green) |
| **14. Локална самоуправа Кочани** http://www.kocani.gov.mk/ | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | N/A | ★ (green) | ★ (green) |

| | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **15. Министерство за образование и наука** http://mon.gov.mk/ | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) | N/A | ★ (green) | ★ (green) |
| **16. Министерство за култура** https://kultura.gov.mk/ | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | N/A | ★ (green) | ★ (green) |
| **17. Министерство за надворешни работи** http://www.mfa.gov.mk/index.php/mk/ | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | N/A | ★ (green) | ★ (green) |
| **18. Министерство за внатрешни работи** http://moi.gov.mk/ | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (green) |
| **19. Министерство за правда** http://www.pravda.gov.mk/ | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (green) |
| **20. Агенција за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер** http://www.komspi.mk/ | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | N/A | ★ (green) | ★ (green) |
| **21. Министерство за транспорт и врски** http://www.mtc.gov.mk/ | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | N/A | ★ (green) | ★ (green) |
| **22. Министерство за информатичко општество и администрација** http://www.mioa.gov.mk/ | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) | N/A | ★ (green) | ★ (green) |

| | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **23. Локална самоуправа Битола**<br>http://www.bitola.gov.mk/ | ★ (green) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | N/A | ★ (green) | ★ (green) |
| **24. Локална самоуправа Струмица**<br>http://www.strumica.gov.mk/ | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) | N/A | ★ (green) | ★ (green) |
| **25. Локална самоуправа Тетово**<br>http://www.tetova.gov.mk/ | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | N/A | ★ (green) | ★ (green) |